# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЕНЕРГЕТИКА

**Сл. Весник на Р. Македонија, бр.192 од 05.11.2015 година**

**Член 1**

Во Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија" број 16/11, 136/11, 79/13, 164/13, 41/14, 151/14 и 33/15), во членот 137-в став (3) по зборовите: „ревизија и ажурирање на" се додаваат зборовите: „30% од", а зборот „еднаш" се заменува со зборот „двапати".

**Член 2**

Во членот 137-г став (1) по зборовите: „Министерството за економија" се додаваат зборовите: „за што министерот за економија определува одговорно лице кое утврдува дали кандидатот ги исполнува условите за полагање на испитот,".

По ставот (3) се додаваат нов став (4), кој гласи:

„(4) На одговорното лице од ставот (1) на овој член за секоја одржана испитна сесија му следува паричен надоместок, во износ од една третина од просечната нето плата во Република Македонија, за што Министерството за економија донесува решение."

**Член 3**

Во членот 137-е став (1) се брише.

**Член 4**

Во членот 137-ж став (2) се менува и гласи:

„Кандидатите на кои им е одобрено барањето за полагање на испитот и јавноста се информираат за датумот и времето на полагање на испитот, најмалку осум дена пред одржување на испитот преку веб страницата на Министерството за економија и Јавниот радиодифузен сервис."

По ставот (5) се додаваат пет нови става (6), (7), (8), (9) и (10), кои гласат:

,,(6) На претставниците од ставот (5) на овој член за секоја одржана испитна сесија им следува паричен надоместок, во износ од една третина од просечната нето плата во Република Македонија, за што Министерството за економија донесува решение.

(7) Овластеното правно лице кое технички го спроведува испитот е должно да го блокира радио фреквенцискиот опсег во просторијата за полагање на испитот за време на спроведување на испитните сесии.

(8) Агенцијата за електронски комуникации (во натамошниот текст: АЕК) врши постојан мониторинг на блокирањето на радио френквенцискиот опсег во просторијата за полагање на испитот, со цел да се спречи секаков вид на електронска комуникација со околината надвор од просторијата за полагање на испитот.

(9) АЕК во просторијата за полагање на испитот инсталира мерна опрема која обезбедува електронски запис од извршените мерења во траење од 30 дена и истите се складираат во централниот контролен систем на АЕК.

(10) АЕК формира трочлена комисија која изготвува извештај врз основа на електронските записи складирани во централниот контролен систем на АЕК и истиот го доставува до Министерството за економија најдоцна во рок од 15 дена од датумот на одржување на испитот."

**Член 5**

Во членот 137-з став (7) по зборот „термин" точката на крајот на реченицата се брише и се додаваат зборовите: „и му се изрекува забрана за полагање на

испитот во траење од три години, за што Министерството за економија донесува решение против кое може да се поведе управен спор пред надлежен суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението".

**Член 6**

Во членот 137-м став (4) се менува и гласи:
„Комисијата од ставот (3) на овој член се состанува по секоја одржана испитна сесија и врши ревизија на спроведување на испитот, вклучувајќи и дали испитот го полагале кандидати кои ги исполнуваат условите за полагање на испитот согласно со членот 137-а став (18) од овој закон, за што доставува извештај до министерот за економија."
Ставот (5) се менува и гласи:
"На членовите на комисијата од ставот (3) на овој член им следува паричен надоместок, кој на годишно ниво изнесува една просечна нето плата во Република Македонија, за што Министерството за економија донесува решение."

**Член 7**

Во членот 157-г став (4), по зборовите: „ревизија и ажурирање на" се додаваат зборовите: „30% од", а зборот „еднаш" се заменува со зборот „двапати".

**Член 8**

Членот 157-д се менува и гласи:
"(1) Стручните и административните работи за потребите за спроведување на испитот ги врши Министерството за економија, за што министерот за економија определува одговорно лице кое утврдува дали кандидатот ги исполнува условите за полагање на испитот, а испитот технички го спроведува правно лице регистрирано во Централниот регистар избрано од министерот за економија.
(2) На одговорното лице од ставот (1) на овој член за секоја одржана испитна сесија му следува паричен надоместок, во износ од една третина од просечната нето плата во Република Македонија, за што Министерството за економија донесува решение."

**Член 9**

Во член 157-з став (1) се брише.
Ставовите (2) и (3) стануваат ставови (1) и (2).

**Член 10**

Во членот 157-ѕ став (2) се менува и гласи:
,,Кандидатите на кои им е одобрено барањето за полагање на испитот и јавноста се информираат за датумот и времето на полагање на испитот, најмалку осум дена пред одржување на испитот преку веб страницата на Министерството за економија и Јавниот радиодифузен сервис."
По ставот (5) се додаваат пет нови става (6), (7), (8), (9) и (10), кои гласат:
,,(6) На претставниците од ставот (5) на овој член за секоја одржана испитна сесија им следува паричен надоместок, во износ од една третина од просечната нето плата во Република Македонија, за што Министерството за економија донесува решение.
(7) Овластеното правно лице кое технички го спроведува испитот е должно да го блокира радио фреквенцискиот опсег во просторијата за полагање на испитот за време на спроведување на испитните сесии.
(8) Агенцијата за електронски комуникации (во натамошниот текст: АЕК) врши постојан мониторинг на блокирањето на радио фреквенцискиот опсег во просторијата за полагање на испитот, со цел да се спречи секаков вид на

електронска комуникација со околината надвор од просторијата за полагање на испитот.
(9) АЕК во просторијата за полагање на испитот инсталира мерна опрема која обезбедува електронски запис од извршените мерења во траење од 30 дена и истите се складираат во централниот контролен систем на АЕК.
(10) АЕК формира трочлена комисија која изготвува извештај врз основа на електронските записи складирани во централниот контролен систем на АЕК и истиот го доставува до Министерството за економија најдоцна во рок од 15 дена од датумот на одржување на испитот.″

**Член 11**

Во членот 157-и став (7) по зборот „сесија‟ точката на крајот на реченицата се брише и се додаваат зборовите: „и му се изрекува забрана за полагање на испитот во траење од три години, за што Министерството за економија донесува решение против кое може да се поведе управен спор пред надлежен суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.‟

**Член 12**

Во членот 157-т став (4) се менува и гласи:
„Комисијата од ставот (3) на овој член се состанува по секоја одржана испитна сесија и врши ревизија на спроведување на испитот, вклучувајќи и дали испитот го полагале кандидати кои ги исполнуваат условите за полагање на испитот согласно со членот 157-а од овој закон, за што доставува извештај до министерот за економија.″
Ставот (5) се менува и гласи:
‟На членовите на комисијата од ставот (3) на овој член им следува паричен надоместок, кој на годишно ниво изнесува една просечна нето плата во Република Македонија, за што Министерството за економија донесува решение.‟
Во ставот (6) зборовите: „членот 15‟ се заменуваат со зборовите: „членот 157-м став (5)‟.

**Член 13**

Во членот 175 став (2) зборовите: „и 190 став (1)″ се заменуваат со зборовите: „и 190 ставови (1), (3), (4), (5), (6) и (7).″
Во ставот (4) зборовите: „и 190 став (1)″ се заменуваат со зборовите: „и 190 ставови (1), (3), (4), (5), (6) и (7)″, а зборот „четири″ се заменува со зборот „три″.
Во ставот (5) зборовите: „и 190 став (1)″ се заменуваат со зборовите: „и 190 ставови (1), (3), (4), (5), (6) и (7).″

**Член 14**

Во членот 176 став (9) се менува и гласи:
„Против решенијата на Прекршочната комисија може да се изјави жалба во рок од осум дена од денот на приемот на решението преку Прекршочната комисија до Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка.″

**Член 15**

Во членот 177 став (3) се менува и гласи:
„За дејствијата од ставот (2) на овој член на сторителот надлежниот инспектор ќе му издаде прекршочен платен налог.″
По ставот (3) се додава нов став (4), кој гласи:

"(4) За дејствијата од ставот (2) од овој член, се издава прекршочен платен налог во висина од 30% од глобата која ќе му се одмери на правното лице, односно на трговецот поединец."
Ставот (4) кој станува став (5) се менува и гласи:
„По приемот и потпишувањето на прекршочниот платен налог, сторителот на прекршокот е должен да ја плати глобата, во рок од осум дена од приемот на прекршочниот платен налог на сметката означена во платниот налог."
Ставот (5) кој станува став (6) се менува и гласи:
„Сторителот на прекршокот кој ќе ја плати глобата во рокот од ставот (4) на овој член, ќе плати половина од изречената глоба, за кое право се поучува во правната поука."
Ставот (6) станува став (7).
Ставот (7) кој станува став (8) се менува и гласи:
„Ако сторителот на прекршокот не ја плати глобата во рокот од ставот (4) на овој член, надлежниот инспектор поднесува барање за поведување прекршочна постапка до надлежниот суд согласно со членот 175 став (2) од овој закон, односно до Прекршчната комисија согласно со членот 176 став (1) од овој закон."
По ставот (7) кој станува став (8) се додаваат четири нови става (9), (10), (11) и (12), кои гласат:
„(9) Надлежниот инспектор е должен да води евиденција за издадените прекршочни платни налози и за исходот на покренатите постапки.
(10) Во евиденцијата од ставот (8) на овој член се собираат, обработуваат и чуваат следниве податоци име и презиме, односно назив на сторителот на прекршокот, живеалиште, односно престојувалиште, седиште, вид на прекршокот, број на прекршочниот платен налог кој му се издава и исходот на постапката.
(11) Личните податоци од ставот (9) на овој член се чуваат пет години од денот на внесувањето во евиденцијата.
(12) Формата и содржината на прекршочниот платен налог ги пропишува министерот за економија."

**Член 16**

Членот 178 се брише.

**Член 17**

Во членот 179 став (1) во воведната реченица зборовите: „ 5.000 до" се бришат.
Ставот (2) се менува и гласи:
"Глоба во износ од 30 % од одмерена глоба за правното лице ќе се изрече за прекршок за дејствијата од ставот (1) на овој член и на одговорното лице во правното лице."
Ставот (3) се менува и гласи:
"Покрај глобата од ставот (2) на овој член на одговорното лице во правното лице ќе му се изрече и прекршочна санкција забрана на вршење должност во траење до една година."
Ставот (4) се менува и гласи:
„Глоба во износ од 7.000 евра во денарска противредност ќе се изрече за прекршок за дејствијата од ставот (1) точки 4, 5 и 6 на овој член и на трговец поединец."
По ставот (4) се додаваат два нови става (5) и (6), кои гласат:
"(5) Глоба во износ од 30% од одмерената глоба за трговец поединец ќе се изрече за прекршок за дејствијата од ставот (3) на овој член и на одговорното лице во трговецот поединец.
(6) Покрај глобата од ставот (5) на овој член на одговорното лице во трговецот поединец ќе му се изрече и прекршочна санкција забрана на вршење должност во траење до една година."

**Член 18**

Во членот 180 став (1) во воведната реченица зборовите: "5.000 до" се бришат, а по зборот "лице" се додаваат зборовите: "односно трговец поединец".

Ставот (2) се менува и гласи:

"Глоба во износ од 30% од одмерена глоба за правното лице, односно трговец поединец ќе се изрече за прекршок за дејствијата од ставот (1) на овој член и на одговорното лице во правното лице, односно трговец поединец."

Ставот (3) се менува и гласи:

"Покрај глобата од ставот (2) на овој член на одговорното лице во правното лице, односно трговецот поединец ќе му се изрече и прекршочна санкција забрана на вршење должност во траење до една година."

Ставот (4) се брише.

**Член 19**

Во членот 181 став (1) во воведната реченица зборовите: „до 5.000'' се бришат.

Ставот (2) се менува и гласи:

"Глоба во износ од 30% од одмерена глоба за правното лице ќе се изрече за прекршок за дејствијата од ставот (1) на овој член и на одговорното лице во правното лице."

Ставот (3) се брише.

Ставот (4) кој станува став (3) се менува и гласи:

„Глоба во износ од 3.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на трговецот поединец за дејствијата од ставот (1) точки 1) и 2) на овој член.''

По ставот (3) се додава нов став (4), кој гласи:

"(4) Глоба во износ од 30% од одмерена глоба за трговец поединец ќе се изрече за прекршок за дејствијата од ставот (3) на овој член и на одговорното лице во трговецот поединец."

**Член 20**

Во членот 182 став (1) во воведната реченица зборовите: "5.000 до" се бришат.

Во ставот (2) зборовите: "3.000 до" се бришат.

Во ставот (3) зборовите: "3.000 до" се бришат.

Ставот (4) се менува и гласи:

"Глоба во износ од 30% од одмерена глоба за правното лице ќе се изрече за прекршок за дејствијата од ставовите (1), (2) и (3) на овој член и на одговорното лице во правното лице."

Ставот (5) се менува и гласи:

"За дејствијата од ставот (1) на одговорното лице во правното лице ќе му се изрече прекршочна санкција забрана на вршење должност во траење до една година."

Ставовите (6) и (7) се бришат.

**Член 21**

Во членот 183 став (1) во воведната реченица зборовите: "5.000 до" се бришат.

Ставот (2) се менува и гласи:

"Глоба во износ од 30% од одмерена глоба за правното лице ќе се изрече за прекршок за дејствијата од ставот (1) на овој член и на одговорното лице во правното лице."

Ставот (3) се менува и гласи:

"Покрај глобата од ставот (2) на овој член на одговорното лице во правното лице ќе му се изрече и прекршочна санкција забрана на вршење должност во траење до една година."

Ставот (4) се брише.

**Член 22**

Во членот 184 став (1) во воведната реченица зборовите: "3.000 до" се бришат, а по зборот "лице" се додаваат зборовите: "односно трговец поединец".
Во ставот (2) зборовите: "3.000 до" се бришат, а по зборот "лице" се додаваат зборовите: "односно трговец поединец".
Во ставот (3) зборовите: "до 5.000" се бришат, а по зборот "лице" се додаваат зборовите: "односно трговец поединец".
Ставот (4) се менува и гласи:
"Глоба во износ од 30% од одмерена глоба за правното лице, односно трговец поединец ќе се изрече за прекршок за дејствијата од ставовите (1), (2) и (3) на овој член и на одговорното лице во правното лице, односно одговорното лице во трговец поединец."
Ставовите (5) и (6) се бришат.

**Член 23**

Во членот 185 став (1) во воведната реченица зборовите: "5.000 до" се бришат.
Во ставот (2) зборовите: "5.000 до" се бришат.
Во ставот (3) зборовите: "3.000 до" се бришат.
Ставот (4) се менува и гласи:
"Глоба во износ од 30% од одмерена глоба за правното лице ќе се изрече за прекршок за дејствијата од ставовите (1), (2) и (3) на овој член и на одговорното лице во правното лице."
Ставот (5) се менува и гласи:
„За дејствијата од ставот (1) на овој член на одговорното лице во правното лице и ќе му се изрече прекршочна санкција забрана на вршење должност во траење до една година''.
Ставовите (6) и (7) се бришат.

**Член 24**

Во членот 186 став (1) во воведната реченица зборовите: "5.000 до" се бришат.
Во ставот (2) зборовите: "2.000 до" се бришат, а по зборот "лице" се додаваат зборовите: "односно трговец поединец".
Ставот (3) се менува и гласи:
"Глоба во износ од 30% од одмерена глоба за правното лице ќе се изрече за прекршок за дејствијата од ставот (1) на овој член и на одговорното лице во правното лице."
Ставот (4) се менува и гласи:
"Покрај глобата од ставот (3) на овој член на одговорното лице во правното лице ќе му се изрече и прекршочна санкција забрана на вршење должност во траење до една година."
Ставот (5) се менува и гласи:
„Глоба во износ од 30% од одмерена глоба за правното лице, односно трговец поединец ќе се изрече за прекршок за дејствијата од ставот (2) на овој член и на одговорното лице во правното лице, односно одговорното лице во трговец поединец.''

**Член 25**

Во членот 187 став (1) во воведната реченица зборовите: "5.000 до" се бришат.
Во ставот (2) зборовите: "5.000 до" се бришат, а по зборот "лице" се додаваат зборовите: "односно трговец поединец".
Ставот (3) се менува и гласи:
"Глоба во износ од 30% од одмерената глоба за правното лице ќе се изрече за прекршок за дејствијата од ставот (1) на овој член и на одговорното лице во правното лице."

Ставот (4) се менува и гласи:
"Покрај глобата од ставот (3) на овој член на одговорното лице во правното лице ќе му се изрече и прекршочна санкција забрана на вршење должност во траење до една година."
Ставот (5) се менува и гласи:
„Глоба во износ од 30% од одмерена глоба за правното лице, односно трговец поединец ќе се изрече за прекршок за дејствијата од ставот (2) на овој член и на одговорното лице во правното лице, односно одговорното лице во трговец поединец."
По ставот (5) се додава нов став (6), кој гласи:
"(6) Покрај глобата од ставот (5) на овој член на одговорното лице во правното лице, односно трговец поединец ќе му се изрече и прекршочна санкција забрана на вршење должност во траење до една година."

## Член 26

Во членот 188 став (1) во воведната реченица зборовите: "5.000 до" се бришат.
Ставот (2) се менува и гласи:
"Глоба во износ од 30% од одмерена глоба за правното лице ќе се изрече за прекршок за дејствијата од ставот (1) на овој член и на одговорното лице во правното лице."
Ставот (3) се менува и гласи:
"Покрај глобата од ставот (2) на овој член на одговорното лице во правното лице ќе му се изрече и прекршочна санкција забрана на вршење должност во траење до една година."
Ставот (4) се брише.

## Член 27

Во член 189 став (1) во воведната реченица зборовите "5.000 до" се бришат.
Во ставот (2) зборовите "2.000 до" се бришат а по зборот "лице" се додаваат зборовите "односно трговец поединец".
Ставот (3) се менува и гласи:
"Глоба во износ од 30 % од одмерена глоба за правното лице ќе се изрече за прекршок за дејствијата од ставот (1) на овој член и на одговорното лице во правното лице."
Ставот (4) се менува и гласи:
"Покрај глобата од ставот (3) на овој член на одговорното лице во правното лице ќе му се изрече и прекршочна санкција забрана на вршење должност во траење до една година."
По ставот (4) се додава нов став (5), кој гласи:
„(5) Глоба во износ од 30% од одмерена глоба за правното лице, односно трговец поединец ќе се изрече за прекршок за дејствијата од ставот (2) на овој член и на одговорното лице во правното лице, односно одговорното лице во трговец поединец.''
Ставот (5) станува став (6).

## Член 28

Во членот 190 став 1 во воведната реченица зборовите: "5.000 до" се бришат, а по зборот "лице" се додаваат зборовите: "односно трговец поединец".
Во ставот (2) зборовите: "3.000 до" се бришат, а по зборот "лице" се додаваат зборовите: "односно трговец поединец".
Во ставот (3) зборовите: „3.000 до'' се бришат.
Ставот (4) се менува и гласи:
„Глоба во износ од 30% од одмерена глоба за правното лице, односно за трговец поединец ќе се изрече за прекршок за дејствијата од ставовите (1), (2) и (3) на

овој член и на одговорното лице во правното лице, односно одговорното лице во трговец поединец."
Ставовите (5), (6), (7) и (8) се бришат.
Ставовите (9) и (10) стануваат ставови (5) и (6).
Во ставот (11) кој станува став (7) зборовите: „ до 5.000'' се бришат.
Во ставот (12) кој станува став (8) во воведната реченица зборовите: "до 2.000" се бришат.
Ставот (13) се брише.

**Член 29**

Во членот 190-а став (1) зборовите: "до 5.000" се бришат.
Во ставот (2) зборовите: „до 5.000'' се бришат.
Ставот (3) се менува и гласи:
"Глоба во износ од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на овластениот претставник од членот 137-ж став (5) од овој закон, доколку постапи спротивно на членот 137-з став (9) од овој закон."
Во ставот (4) зборовите: „1.000 до 1.500'' се заменуваат со зборовите: „300 до 450''.
По ставот (4) се додаваат пет нови става (5), (6), (7), (8) и (9), кои гласат:
,,(5) Со глоба од 2.000 до 3.000 евра во денарска противвредност ќе се казни лицето од членот 137-г став (1) кое ќе дозволи да полага кандидат кој не ги исполнува пропишаните услови од овој закон.
(6) Глоба во износ од 10.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на овластеното правно лице кое технички го спроведува испитот од членот 137-г од овој закон, доколку не го блокира радио фреквенцискиот опсег во просторијата за полагање на испитот.
,,(7) Глоба во износ од 2.000 до 3.000 евра во денарска противвредност ќе им се изрече на овластените претставници од членот 137-ж став (5) од овој закон ако дозволат кандидатот да постапи спротивно на членот 137-з ставови (2), (3) и (4) од овој закон.
(8) Глоба во износ од 100 до 200 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на кандидатот кој постапува спротивно на членот 137-з ставови (2), (3) и (4) од овој закон.
„(9) Со глоба од 2.000 до 3.000 евра во денарска противвредност ќе се казнат членовите на комисијата од членот 137-м став (3), доколку утврдат неправилности во спроведувањето на испитот, а тоа не го констатираат во извештајот до министерот за економија."

**Член 30**

Во членот 190-б став (1) зборовите: "до 5.000" се бришат.
Во ставот (2) зборовите: „до 5.000'' се бришат.
Ставот (3) се менува и гласи:
"Глоба во износ од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе им се изрече за прекршок на овластените претставници од членот 157-ѕ став (5) од овој закон, доколку постапат спротивно на членот 157-и став (9) од овој закон."
Во ставот (4) зборовите: „1.000 до 1.500'' се заменуваат со зборовите: „ 300 до 450''.
По ставот (4) се додаваат пет нови става (5), (6), (7), (8) и (9), кои гласат:
,,(5) Со глоба од 2.000 до 3.000 евра во денарска противвредност ќе се казни лицето од членот 157-д став (1) од овој закон кое ќе дозволи да полага кандидат кој не ги исполнува пропишаните услови од овој закон.
(6) Глоба во износ од 10.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на овластеното правно лице кое технички го спроведува испитот од членот 157-д од

овој закон, доколку не го блокира радио фреквенцискиот опсег во просторијата за полагање на испитот.
(7) Глоба во износ од 2.000 до 3.000 евра во денарска противвредност ќе им се изрече на овластените претставници од членот 157-ѕ став (5) од овој закон ако дозволат кандидатот да постапи спротивно на членот 157-и ставови (2), (3) и (4) од овој закон.
(8) Глоба во износ од 100 до 200 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на кандидатот кој постапува спротивно на членот 157-и ставови (2), (3) и (4) од овој закон.
(9) Со глоба од 2.000 до 3.000 евра во денарска противвредност ќе се казнат членовите на комисијата од членот 157-т став (3) на овој член, доколку утврдат неправилности во спроведувањето на испитот, а тоа не го констатираат во извештајот до министерот за економија.‶

**Член 31**

По членот 190-б се додава нов член 190-в, кој гласи:

**″Член 190-в**

Одмерувањето на висината на глобата за правно лице, односно трговец поединец се врши согласно со Законот за прекршоците.″

**Член 32**

Подзаконскиот акт утврден во овој закон ќе се донесе во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

**Член 33**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија‟.